INEX 3216-389

# 8-ми МАРТ – БАРСЕЛОНА - АВИОН

 

**1 ден:04.Март (Недела) СКОПЈЕ – БАРСЕЛОНА**
Состанок на групата на аеродромот Александар Велики во 16:30 часот. Полетување за Барселона во 18:00часот. Пристигнување во Барселона во 20:45 часот. Организиран трансфер до хотел. Сместување. Ноќевање.

**2 ден:05.Март ( Понеделник) БАРСЕЛОНА**
Појадок. Организирано, панорамски разглед на градот: булеварот Дијагонал-главната авенија која Барселона ја дели на два блока источен и западен, готската катедрала Саграда Фамилија, плоштадот Каталонија- централниот плоштад, точката каде стариот град се сретнува со новиот, во продолжение се протега зелената авенија Рамбла, споменикот на Колумбо, Олимпиското пристаниште, ридот Мон Жуик, Олимпискиот стадион и спортската палата, плоштадот Шпанија, прекрасните Магични фонтани, Шпанското село. Можност за факултативна посета на Аквариумот – еден од наголемите и најубавите во Европа. Предлагаме шопинг во познатите шопинг центри Маре Магнум, Кор Ди Енглес. Враќање во хотел. Ноќевање.

**3 ден: 06.Март (Вторник) БАРСЕЛОНА (Факултатива - Фигерас и Герона)**
Појадок. Слободен ден за индивидуални активности и прошетки. Преопрачуваме факултативна посета на Фигерас и Герона - целодневна посета на Фигерас каде се наоѓа музејот на Салвадор Дали, што е предизвик за сите љубители на уметноста и оние кои сакаат да видат нешто потполно оригинално. Место во кое е роден и цел свој живот творел Дали, и насекаде може да се забележи Далиевото влијание. Сите негови дела прикажани на посебен начин и на посебно место ја прикажуваат неговата генијалност. Музејот во кој може да се види најголемата и најразновидна колекција, скулптури, 3Д колажи, како и приватно колекции на Дали од други уметници. Попатно на враќање посета на убавото, живописно градче Герона, кој се наоѓа на североисток на Шпанија непосредно до Француската граница. Прошетка низ историскиот центар на градот, неговата тврдина изградена како систем на одбрана во римскиот период, катедралата која се наоѓа во срцето на тврдината, колористичниот куќички на брегот на реката Onyar...Вечерта можност за организирана факултативна вечер со Фламенко. Враќање во хотел. Ноќевање.

**4 ден: 07.Март (Среда) БАРСЕЛОНА - СКОПЈЕ**
Појадок. Факултативно предлагаме посета на стадионот Camp Nou, музејот на ФК Барселона- модерен интерактивен музеј со прекрасни аудио и визуелни приказни… Потоа, факултативно (5 часа), Посета на паркот "Guell"- ремек дело на познатиот шпански архитект Антони Гауди, препознатливо по својата уникатност, денес е дел од листата на

светското културно наследство под заштита на UNESCO, продолжуваме со посета на видиковецот-Тибидабо, кој нуди прекрасен поглед на градот, и завршуваме со посета на Шпанското село. Слободно време за индивидуални активности. Организиран трансфер до аеродром во 19.00 часот. Во 21:20 часот полетување за Скопје. Пристигнување во Скопје во 23:55 часот.

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 349 € / 21.640 ден

ЦЕНАТА ВКЛУЧУВА:
-Авионски превоз на наведената релација Скопје – Барселона – Скопје со Wizzair
-Рачен багаж 1 торба/куфер до 10 кг. со димензии 55x40x23см
-Трансфер аеродром – хотел – аеродром
-Сместување во хотел 3* на база 3 ноќевања со појадок
-Организиран разглед на Барселона по програмата
-Организација на аранжманот и лиценциран придружник на патувањето

ЦЕНАТА НЕ ВКЛУЧУВА:
-Аеродромски такси по лице се 3.100 денари
-Куфер-чекиран до 20 кг – 3.300 денари.
-Посета на Ноу Камп ( превоз и влезница – 30 евра)
-Посета на Гуел парк, Тибидабо, Шпанско село 50 евра
-Посета на Гирона и Фигерас 60 евра
-Посета на Аквариумот 19 евра
-Фламинко шоу со вечера и пијалок / само шоу и пијалок
-Туристичка такса се плаќа во хотел
-Доплата за еднокреветна соба
-Билети за јавен превоз со метро
-Задолжително патничко – здравствено осигурување.

НАПОМЕНА:
-За овој аранжман важат Општите услови за патување на агенцијата
-За реализација на аранжманот потребен е минимум од 25 патници
-Резервација се прави со авансна уплата од 30% од цената на аранжманот и копија од пасош, комплетна доплата 7 дена пред поаѓање
-Цените се дадени во евра, уплата се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1€ = 62мкд
-Калкулацијата за факултативните излети е направена на минимум 15 особи, пријавувањето е при резервација во агенција
-Пасошот треба да важи минимум 180 дена по завршувањето на патувањето!!!